РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12- 2160/5
29.06.2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019),член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава со сомнежи за корупција, на 49-та седница, одржана на ден 08 Јуни 2021 година, донесе

**Одлука**

Постапката покрената по пријавата со сомнежи за корупција бр. 12- 2405/1 од 12.04.2019 година доставена од познат подносител правно лице - -------------------------------------------------------------, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-2405 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 2405/1 од 12.04.2019 година.

Предметот со број 12- 2405 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

Образложение

Предметот со број 12-2405 од 2019 година е оформенврз основа на пријавата за корупција бр. 12-2405/1 од 12.04.2019 година доставена од познат подносител правно лице - -------------------------------------------------------------------------. Со предметната пријавата се изразуваат сомневања за нерегуларности и злоупотреби од страна на членовите на ------------------------------------------------------------------ при спроведување на постапката за ------------------------------------------------------ која е започната согласно со ----------------------------------------------------.

При постапувањето на предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата презема процесни дејствија – достава на барање за достава на податоци, информации за целосно утврдување на фактичката состојба, од ------------------------------------------ побара да и бидат доставени одлуката за објавување на јавен повик во постапката за ---------------------------------------, јавниот повик и нацртот на договорот за конкретната постапка ---------------------------------------------- во конкретниот случај, актот со кој од страна на -------------------------------------------- со придружна документација, објавениот јавен повик за доделување на ------------------------------------ , информација за евентуално извршени изменување и дополнување на тендерската документација, листа на пријавени понудувачи – физички и правни лица кои со свои понуди учествувале на објавениот јавен повик ---------------------------------------------------------, листа на понудувачи – физички и правни лица кои ги исполниле условите за учество на објавениот јавен повик ------------------------------------------------------------ - понуди и др. кои се доставени од страна на овие понудувачи, листа на понудувачи – физички и правни лица кои не ги исполнувале условите за учество на објавениот јавен повик ------------------------------------------------------, Информација за евентуални изземања на ------------------------------------------------------------------ и за поднесени изјави за постоење или за непостоење на судир на интереси на ------------------------------------------------------ и објаснување и произнесување за начинот на спроведување на јавниот повик и за текот и исходот на постапката за доделување -------------------------------------------------------------------------------.

Последователно, по повод доставеното барање за информации, до Државната комисија за спречување на корупцијата е доставен писмен одговор со прилог документација од ---------------------------------------------------------------------, врз основа на кој – заради дообјаснување на одредени прашања Државната комисија побара и прибави и дополнителни податоци за предметниот случај, а кои се однесуваат на прашањата за тоа дали дали во текот на постапката од страна на прворангираниот учесник ---------------------------------------------------------------------------------------------------------------, дали постапката ----------------------------------------------------------------------------е сеуште во тек или е целосно завршена, односно во која фаза е истата ; дали е склучен договор ------------------------------------- -------------------------------------------------------------------------------------------------------------.

Врз основа на вака комплетираната докментација и по извршена анализа на сите прашања од интерес во предметниот случај Државната комисија утврди дека од страна ------------------------------------------- не се сторени прекршувања на постапката, односно дека од вкупно пријавените четири понудувачи во постапката, правното лице понудувач кое било прворангирано и предложено за носител на концесијата во целост ги исполнувало условите од јавниот повик и тендерската документација, вклучително со експлицитна изјава/ гаранција дека --- ---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------. Поврзано со наведеното Државната комисија ја имаше во предвид и околноста дека со нацрт договорот за концесија се предвидени сите заштитни механизми, вклучително и за случај доколку по ---------------------------------------- да бидат евидентирани отстапувања од договорената -------------------------------- за , кој случај е предвиден едностран раскин на договорот и наплата на банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот.

Во делот на информациите за текот и исходот на постапката, особено од аспект на склучување на договор --------------------- во предметниот случај Државната комисија утврди дека постапката била/е во прекин заради ---------------------------------------- и под кои услови може ------------------------, како услов за склучување на договор -----------------------------.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека во конкретниот случај нема индиции за евентуална злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг од страна на службените лицакои преземале дејсвија и постапувале во постапката по предметниот јавен повик, па оттаму и дека нема основ/елементи за понатамошно постапување согласно со надлежностите на Државната комисија за спречување на корупцијата утврдени со член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно за евентуално поведување постапка за кривично гонење и/или покренување на иницијатива пред надлежните органи за поведување постапка за утврдување на одговорност на службени лица.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 08 Јуни 2021 година**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Републикa Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил: Х.М., Советник
Одобрил : К.Н., Член на ДКСК

Доставено до :
- Архива
- Подносителот